Економски совет
Општина Штип
Број 09 -сл
15.07.2015 година
Ш т и п

# З А П И С Н И К

Од **седмата седница** на Економскиот совет на Општина Штип, одржана на ден **15 јули 2015 година**, со почеток во **11.00 часот**.

На седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Штип, Прим. м-р Илчо Захариев - претседател на Економскиот совет, членовите на Економскиот совет, раководителот на одделение за поддршка на градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, советник на градоначалникот Нада Наџинска и записничар Маријана Трајкова.

Со седницата раководеше градоначалникот Прим. м-р Илчо Захариев, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип на дневен ред ги предложи следниве точки:

1. Иницијатива од жителите на населба Суитлак за измена на ДУП за дел од населба Суитлак;
2. Информација за измена на ДУП за дел од населба Суитлак;
3. Разно;

Членовите на Економскиот совет едногласно **(12-за)** го усвоија следниот:

## **Д н е в е н р е д**

1. Иницијатива од жителите на населба Суитлак за измена на ДУП за дел од населба Суитлак;
2. Информација за измена на ДУП за дел од населба Суитлак;
3. Разно;

**Точка 1 од дневниот ред –** Иницијатива од жителите на населба Суитлак за измена на ДУП за дел од населба Суитлак;

Воведно образложение по точка 1 од дневниот ред даде претседателот на Економскиот совет на Општина Штип, прим. м-р Илчо Захариев. Ги информираше присутните за населбата Суитлак дека во истата која порано беше изградена како викенд населба, денес поголем број од сопствениците на куќи веќе живеат повеќе години и истите немаат основни услови за живот. Немаат пат, а и не се приклучени на градската водоводна и канализациона мрежа. Притоа истакна дека тамошните жители на повеќе наврати барале од Градоначалниот да се реши нивниот

проблем при што и самите давале идеа на кој начин да се реши истиот. Во последната иницијатива истите навеле дека се согласни дури и да отстапат дел од своите дворови за потребите од изградба на асфалтиран пат се до крајот на населбата до каде што има изградено куќи.

Членовите на Економскиот совет ја дадоа својата подршка за реализација на оваа иницијатива.

**Точка 2 од дневниот ред –** Информација за измена на ДУП за дел од населба Суитлак;

Воведно образложение по ова точка даде советникот на градоначалникот Нада Наџинска која ја истакна потребата од измена на ДУП за дел од населба Суитлак, и истовремено истакна дека со овој потег ќе се реши долгогодишниот проблем на голем број на жители кои што подолго време живеат во оваа населба.

Информацијата беше едногласно поддржана од страна на членовите на Економскиот совет.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(12-за)** ја усвоија точка 2 од дневниот ред со следниот заклучок.

1. Да се изврши промена на ДУП за дел од населба Суитлак.

**Точка 3 од дневниот ред –** Разно;

Под точка разно се отвара дискусија за наредни теми кои би се дискутирале на наредната седница на Економскиот совет.

Седницата заврши во 12.00 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
Прим.м-р Илчо Захариев

Записничар
Маријана Трајкова